

**ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈАТА „ВО ЧЕСТ НА СВЕТИТЕ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ОД Д-Р ВЕРА СТОЈЧЕВСКА – АНТИЌ И СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН**

Од книжевните извори што се однесуваат на животот и делото на свети Клнмент Охридски добиваме најконкретни показатели за продолжувањето на кирилометодиевската традиција. Анонимен автор ги составил опширните словенски житија за Климент и Наум Охридски. Било пронајдено краткото словенско житие за Наума, а подоцна и второто кратко словенско Наумово житие.

За нивната слава, што се пренесувала низ вековите, зборуваат дејностите на охридските архиепископи, по потекло Грци (Елини), кои секогаш имале неадекватен однос кон словенските културни придобивки. Во XI век архиепископот Теофилакт го составил опширното грчко (елинско) житие за Климент Охридскн, кое и денес претставува основен извор за проучување на животниот Климентов пат. Дека во XIII век Климент бил присутен и актуелен се гледа од Краткото грчко житие, што го составил охридскиот архиепископ Хоматијан.

Живата традиција на св. Кирил и Методиј, што ја пренеле св. Климент и Наум Охридски се протегнува и во XVIII век, кога во Москополската печатница се печателе грчките служби и житија посветени на св. Климент и Наум Охридски, составени од грчките архиепископи: Хоматијан, Кавасила Григориј и од охриѓанецот Козма - драчки митрополит. Овие грчки автори оставиле убави канони и тропари во нивна чест.

Оваа традиција е засведочена и преку Стематогафијата на Христифор Жефаровиќ. И во XIX век не била заборавена оваа традиција, и покрај засиленото влијание на грцизмот, особено во јужните делови од Македонија.

Првиот македонски превод на опширното Климентово житие го направил македонскиот преродбеник Партениј Зографски, употребувајќи го притоа галичкиот дијалект. Браќата Миладиновци биле живо заинтересирани за оваа традиција, особено по контактите на Димитар Миладинов со рускиот славист Виктор Григорович. Светите Кирил и Методиј и Климент и Наум Охридски се присутни во творештвото на Рајко Жинзифов, Ѓорѓи Пулевски, Кузман Шапкарев, Марко Цепенков, Григор Прличев и др.

Почит кон кирилометодиевското дело изразиле: Гоце Делчев, Горче Петров, Крсте Мисирков и Димитар Чуповски. Посебни творби им посветиле Григор Прличев и подоцна Никола Јонков Вапцаров, како и други. Денес современите македонски поети честопати се задржуваат врз нивното трајно и значајно дело. Тие се присутни и во богатото македонско народно творештво.




Интересно е да се констатира дека македонските современи писатели, особено поетите, им посветиле посебни творби на творците на словенската (македонската) писменост - браќата св. Кирил и св. Методиј и на нивните ученици св. Климент и св. Наум Охридски. Секако, во овој случај предничат творбите што му се посветени на св. Климент Охридски, чија традиција во Македонија живеела низ вековите, а денес како да воскреснува со нови сили и со нов крвоток кој тече.

Од прозните автори посебно треба да ги потенцираме имињата на Лазо Каровски, Видое Подгорец и Томе Арсовски. Лазо Каровски ги состави првите романизирани биографии за светите Климент и Наум Охридски. Подгорец со делото„Ас *буки, веди...*” го сврте вниманието кон словенските (македонските) просветители на поширокиот

читателски круг.

Во најново време кон оваа дејност беше насочено вниманието на Томе Арсовски, кој покрај дводелниот телевизиски драмски текст за св. Климент Охридски, го состави романот *„Св Климент Охридски”,* оживувајќи ја повторно словенската епопеја од времето на IX и X век.

Повеќе македонски поети им посветија песни на светите Кирил и Методиј. Меѓу нив да ги споменеме: Славко Јаневски (Браќата Солунски), Петре Бакевски (Ѕвездата на Константин Филозоф), Јован Павловски (поема „Строгоста наживеењето” - посветена на св. Методиј), Тодор Чаловски (Вруток на утока), Веле Смилевски (Вратени од Ѕап Klemente), Кирил Бујуклиев (На Солунските браќа) итн.

На св. Климент му се посветени и бројни и одбрани стихови. Посебен поетски однос кон него реализира поетот Матеја Матевски, симболизирајќи ја неговата непроодност и неуништливост преку насловот на песната „*Сенката што пее”.*

Поетот Радован Павловски му посвети на св. Климент посебна песна, изнаоѓајќи го Климентовото дело низ вокалите распрснати во ѕвездите на еден народ. За Климент испеале стихови; Бошко Смаќоски, Јован Котески, Славко Јаневски, Георги Сталев, Душко Наневски, Цане Андреевски, Трајан Петровски, Љупчо Стојменски, Ристо Јачев, РадмилаТрифуновска и многудруги. Него го опеале и поетите од македонското иселеништво: Невена Аџиевска, Рада Видиновска, Цим Томев, Гоче Малинов идруги.

Активниот однос на современите македонски уметници кон словенските просветители е видлив и присутен во Македонија. Сликарските и скулпторските дела во Македонија ја збогатуваат нивната претстава и визија. Ваквиот однос само ја потврдува живата традиција на словенските (македонските) просветители денес во Македонија.

***Продолжува***



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**